РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА

# ПОДГОТОВКА ЗА БРЕГЗИТ

ЦАРИНСКИ ПРИРАЧНИК



**2020 | ДЕКЕМВРИ**



# СОДРЖИНА

**1.ОПШТИ ОДРЕДБИ**
**2.ТРАНЗИТ**
2.1. НКТС ТРАНЗИТ
2.2. ТИР ТРАНЗИТ
**3.УВОЗ И ИЗВОЗ НА СТОКИ ОД ОБЕДИНЕТОТО КРАЛСТВО**
**4. ПРЕФЕРЕНЦИЈАЛНИ АСПЕКТИ НА ПОТЕКЛОТО**
4.1. ДОКАЗИ ЗА ПОТЕКЛО ИЗДАДЕНИ /ИЗГОТВЕНИ СОГЛАСНО ССА СО ЕУ
4.2. ДОКАЗИ ЗА ПОТЕКЛО ИЗДАДЕНИ/ИЗГОТВЕНИ СОГЛАСНО СПТС СО ОК
4.3. ПРИМЕНА НА УСЛОВОТ ЗА ДИРЕКТЕН ТРАНСПОРТ ПРЕКУ ОК ПО ЗАВРШУВАЊЕ НА ТРАНЗИЦИОНИОТ ПЕРИОД
4.4. ПРИМЕНА НА КУМУЛАЦИЈА СО ОК ПО ЗАВРШУВАЊЕ НА ТРАНЗИЦИОНИОТ ПЕРИОД
4.5. ОДОБРЕНИЕ ЗА ОДОБРЕН ИЗВОЗНИК ВО ТРГОВИЈАТА СОГЛАСНО СПТС СО ОК ПО ЗАВРШУВАЊЕ НА ТРАНЗИЦИОНИОТ ПЕРИОД
4.6. ВЕРИФИКАЦИЈА НА ДОКАЗИТЕ ЗА ПОТЕКЛО

1 *Agreement on the withdrawal of the United Kingdom of Great Britain and Northern Ireland from the European Union and the European Atomic Energy Community, OJ L 29, 31.1.2020, p. 7 ("Withdrawal Agreement")*



# 1.ОПШТИ ОДРЕДБИ

Цел на оваа Насока е појаснување на начинот и постапката при спроведување на царинските постапки поврзани со престанокот на членство на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска во Европската Унија (во натамошниот текст: ОК), новата Спогодба за партнерство, трговија и соработка помеѓу Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска и Република Северна Македонија, како и придружувањето на ОК кон Конвенцијата за заедничката транзитна постапка.

Обединетото Кралство ја напушти Европската Унија на 31.01.2020 година. Во согласност со Договорот за повлекување,[1] ОК сега официјално е трета земја за Европската Унија и не учествува во процесот на носење на одлуки во Европската Унија. Ова значи дека и на 31.01.2020 година ОК формално престана да биде членка на ЕУ, меѓутоа излегувањето од заедничкиот пазар на ЕУ беше предвидено да биде со преодниот период од 11 месеци, што значи дека од 01.01.2021 година ОК официјално не е земја членка на ЕУ.  Сепак, ЕУ и ОК имаат постигнато заеднички договор, за тнр. транзиционен период, што трае до 31.12.2020 година. Според овој договор, за време на транзицискиот период, законодавството на ЕУ се применува и за ОК и ова нема да има никакво влијание на царинските и надворешно-трговските постапки.

Составен дел на Договорот за повлекување на ОК од ЕУ, претставува и Протоколот за Ирска и Северна Ирска. Со овој Протокол се регулира посебната и специфична состојба на Ирска и Северна Ирска, со цел да се обезбеди помирување и задоволување на сите интереси. Со овој Протокол е постигнато да не постои граница помеѓу Ирска и Северна Ирска, со што се обезбедува спроведување на „една економија“ за цел остров и исполнување на условите од Договорот од Црн петок (Белфаст). Исто така, со овој Протокол се обезбедува интегритетот и целокупноста на единствениот пазар на ЕУ, заедно со сите барања за заштита на потрошувачите, јавното здравје и борбата против шверц и измами. Она што е најважно е дека со Протоколот за Ирска и Северна Ирска, Северна Ирска и понатаму е дел од царинското подрачје на ОК, со што може да ги користи сите погодности од идните трговски договори што ОК може да ги склучи со трети држави.

1 *Agreement on the withdrawal of the United Kingdom of Great Britain and Northern Ireland from the European Union and the European Atomic Energy Community, OJ L 29, 31.1.2020, p. 7 ("Withdrawal Agreement")*



Меѓутоа, иако е постигнат договор за партнерство помеѓу ЕУ и ОК, договорен со Политичката декларација до крајот на 2020 година, напуштањето на ОК од 01.01.2021 година, ќе има сериозни последици за јавните администрации и деловните субјекти.

Република Северна Македонија во декември 2020 година потпиша Спогодба за партнерство, трговија и соработка помеѓу Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска и Република Северна Македонија[2] (во натамошниот текст: СПТС со ОК), за што во Службен весник на Република Северна Македонија бр. 301/2020 година е објавена Одлука за предвремена примена. Врз основа на одредбите од оваа спогодба надворешно-трговската размена и преференцијалните царински стапки меѓу Република Северна Македонија и ОК почнувајќи од 01.01.2021 година се применуваат врз основа на оваа нова спогодба.

Трговските односи помеѓу ОК и Република Северна Македонија до 31.12.2020 година се регулирани со Спогодбата за стабилизација и асоцијација помеѓу земјите членки на Европските заедници, од една страна и Република Северна Македонија, од друга страна (во натамошниот текст: ССА)[3]. Според Договорот за повлекување на ОК од ЕУ, нема да се вршат никакви измени на ССА помеѓу Република Северна Македонија и ЕУ, односно и покрај тоа што секаде ќе стои називот на ОК како дел од ЕУ, тоа нема да има никакви правни последици.

Транзитната постапка со ОК до 31.12.2020 година и по 01.01.2021 година ќе се спроведува согласно Конвенцијата за заедничката транзитна постапка, како и со ТИР конвенцијата, имајќи ја предвид промената на статусот на ОК како посебна членка на Конвенциите.

2 *Договорот за партнерство, трговија и соработка помеѓу Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска и Република Северна Македонијае објавен на интернет страната на ЦУ во делот „Бизнис заедница – Тарифа, вредност и потекло – Потекло на стока”.*

3 *Спогодбата за стабилизација и асоцијација помеѓу земјите членки на Европските заедници, од една страна и Република Северна Македонијасо сите нејзини измени е објавена на интернет страната на ЦУ во делот „Бизнис заедница – Тарифа, вредност и потекло – Потекло на стока”.*



# 2.ТРАНЗИТ

## 2.1 НКТС ТРАНЗИТ

По завршувањето на предниот период што трае до 31.12.2020 година, ОК треба да стане договорна страна кон Конвенцијата[1] за заедничка транзитна постапка како посебна договорна страна и треба да продолжи да користи заеднички транзит и да има пристап до Новиот компјутеризиран транзитен систем (НКТС) и на другите поврзани ИТ системи како договорна страна на Конвенцијата.

Транзитните постапки што започнале во Република Северна Македонија пред 01.01.2021 година со одредишна испостава[1] во ОК ќе продолжат во НКТС и ќе завршат во одредишната испостава без потреба од поднесување на дополнителни транзитни декларации при влез во ОК.

Транзитните постапки што започнале во ОК пред 01.01.2021 година со одредишна испостава во Република Северна Македонија ќе продолжат во НКТС и ќе завршат во одредишната испостава без потреба од поднесување на дополнителни транзитни декларации при влез во Република Северна Македонија.

После 01.01.2021 година, транзитните постапки со одредишна испостава во ОК продолжуваат да се спроведуваат во НКТС со тоа што улога на транзитна испостава ќе ја има и испоставата во ОК каде пратката ќе влезе во ОК која треба да се наведе во НКТС транзитната декларација.

После 01.01.2021 година, транзитните постапки со појдовна испостава во ОК продолжуваат да се спроведуваат во НКТС со тоа што улога на транзитна испостава ќе ја има првата испостава во земјата членка на Конвенцијата за заедничка транзитна постапка.



Важечките општи гаранции за транзитна постапка во кои е наведено ОК продолжуваат да се применуваат за ОК како членка на Конвенцијата за заедничката транзитна постапка после 01.01.2021 година, освен доколку имателите на гаранција не побараат измена на гаранцијата со која ќе се отстрани имете на државата ОК.

1

# 2.2 ТИР ТРАНЗИТ

Сите постапки започнати согласно ТИР конвенцијата пред завршување на преодниот период, што трае до 31.12.2020 година, завршуваат како што се започнати.

1

После 31.12.2020 година, завршување на преодниот период, со ОК како член на ТИР Конвенцијата може да се спроведува транзитна постапка со ТИР карнети, со тоа што за ОК е неопходно во ТИР карнетот да има посебен лист. На пример, доколку се работи за ТИР транзит до ОК што поминува низ Србија, ЕУ и одредиште во ОК, потребни се листови во ТИР карнетот за Република Северна Македонија, Република Србија, Европска Унија и за Обединетото Кралство.



# 3.УВОЗ И ИЗВОЗ НА СТОКИ ОД ОБЕДИНЕТОТО КРАЛСТВО

Надворешно-трговската размена и преференцијалните царински стапки меѓу Република Северна Македонија и ОК почнувајќи од 01.01.2021 година се применуваат врз основа на ДПТС со ОК. Со оваа спогодба е постигнато целосно пресликување на постоечките префренцијални стапки што постојат и сега во рамки на ССА. Накратко, преференцијалниот трговски режим што се применува до 31.12.2020 година помеѓу Република Северна Македонија и Обединетото Кралство и понатаму ќе биде ист и после 01.01.2021 година. Разлика е само правната основа, според која, до 31.12.2020 година преференцијалниот трговски режим е правно регулиран со ССА со ЕУ, а од 01.01.2021 година со СПТС со ОК.

Извозот на преференцијални стоки со потекло од Република Северна Македонија кон ОК и понатаму ќе биде ослободен од плаќање на царински давачки при увозот во ОК, освен за исклучително мала група на производи, како baby beef месото. Виното е ослободено од плаќање на царински давачки при увозот во ОК, само во рамки на одредена квота.

Увозот на преференцијални стоки со потекло од Обединетото Кралство во Република Северна Македонија, исто така, и понатаму ќе го задржи досегашниот преференцијален трговски режим. Генерално, сите индустриски производи што се распоредуваат од Глава 25-97 од Хармонизираниот Систем ќе бидат ослободени од плаќање на царински давачки. Во однос на земјоделските и прехрамбените производи, дел од нив се ослободени од плаќање на царински давачки, дел со делумно ослободување од плаќање, а дел се предмет на ослободување со преференцијални тарифни квоти.

Обединетото Кралство на 01.01.2021 година веќе нема да биде член на Пан-евромедитеранската конвенција за правила за потекло на стоки (ПЕМ конвенција). Одредбите за правилата на потекло, како и одредбите за кумулирање на потеклото на стоки се дефинирани во Анекс II на СПТС со ОК.. Од 01.01.2021 година нема да биде возможно дијагонална кумулација на потеклото на стоки меѓу Република Северна Македонија, ОК, ЕУ, ЕФТА, ЦЕФТА и Турција, се до моментот додека ОК не пристапи кон ПЕМ конвенцијата или до исполнување на одредени услови од страна на Европската Унија.



# 4.ПРЕФЕРЕНЦИЈАЛНИ АСПЕКТИ НА ПОТЕКЛОТО

Оваа насока исто така го објаснува начинот на прифаќање на доказите за потекло издадени од ОК пред завршување на транзициониот период за излез на ОК од Европската унија (во натамошниот текст: ЕУ), како и по напуштање на ОК на ЕУ, како и начинот на примена на преференцијален третман при увозот на стоките со преференцијално потекло од ОК, што ќе бидат предмет на увозно царинење по 01.01.2021 година.

По 01.01.2021 година при прием на декларации за увозно царинење може да се појават декларации во кои што ќе бидат доставени:[4]

- докази за потекло издадени од ОК согласно ССА со ЕУ и
- докази за потекло издадени од ОК согласно СПТС со ОК.

Шифрите на доказите за потекло што се пополнуваат во царинските декларации се како што се пропишани во Прирачникот за ТАРИМ, односно видовите на докази за потекло се исти како и во ССА, односно ПЕМ Конвенцијата.

Постапување во врска со доказите за потекло при увозот/извозот на стоките е во надлежност на вработените во организационите единици каде се врши постапката на увозно/извозно царинење (во натамошниот текст: царински службеник).

[4] *Прирачникот за ТАРИМ со сите негови измени е објавен на интернет страната на ЦУ во делот Е-царина – ИТО- Информации и документација*




# 4.1 ДОКАЗИ ЗА ПОТЕКЛО ИЗДАДЕНИ/ ИЗГОТВЕНИ СОГЛАСНО ССА СО ЕУ

Заклучно со 31.12.2020 година во ОК може да се издаваат/изготвуваат докази за преференцијално потекло согласно ССА со ЕУ. Ваквите докази за потекло се валидни до датумот како што е наведено во Упатството за примена на преференцијални докази за потекло[5] дел Валидност на доказот за потекло (4 месеци).

Од 01.01.2021 година при прием на увозна царинска декларација во која е наведено барање за примена на преференцијален третман и кон декларацијата е поднесен доказ за преференцијално потекло, издаден/изготвен во ОК согласно одредбите во ССА со ЕУ пред 01.01.2021 година, царинскиот службеник може да примени преференцијал од ЕУ (во рамки на квота и надвор од квота) само до датумот до кога е валиден доказот за потекло, како што е наведено во точка 23 на оваа насока. По истекот на тој рок таков доказ за преференцијално потекло од ЕУ не може да се прифати.

Царинските органи на РСМ и на ОК по 01.01.2021 година, ниту во РСМ, ниту во ОК, не може да издаваат, а исто така и компаниите не може да изготвуваат, докази за преференцијално потекло согласно ССА со ЕУ.

5 *Упатството за примена на преференцијални докази за потекло со сите измени и дополнувања како интерен акт е објавено во Депозитарот согласно Процедурата за депозитар на документација на Царинската управа.*





Во специфични случаи, после 01.01.2021 година може да се издаваат и прифаќаат дополнително издадени докази за потекло, како и дупликати на доказите за потекло за стока со потекло, согласно ССА со ЕУ на следниот начин:

- дупликат на доказот за потекло може да се издаде по 01.01.2021 година на барање на извозникот, доколку истиот се однесува на оригиналниот доказ за потекло издаден во периодот до 31.12.2020 година. Дупликат на доказот за потекло што се однесува на оригинален[5] доказ за потекло издаден пред 01.01.2021 година, се прифаќа во постапка на увозно царинење за докажување на потеклото и после 01.01.2021 година, доколку во рубрика 7 е наведен бројот и датумот на оригиналниот доказ за потекло. Во ваков случај стоките ќе се сметаат за стоки со преференцијално потекло согласно ССА со ЕУ,
- дополнително издаден доказ за потекло може да се издаде по 01.01.2021 година на барање на извозникот за стоки кои биле извезени во периодот до 31.12.2020 година. Дополнително издаден доказ за потекло ќе се прифати во случај кога ќе се утврди дека истиот се однесува на извоз извршен во периодот до 31.12.2020 година година. Во ваков случај стоките ќе се сметаат за стоки со преференцијално потекло согласно ССА со ЕУ.

# 4.2 ДОКАЗИ ЗА ПОТЕКЛО ИЗДАДЕНИ/ ИЗГОТВЕНИ СОГЛАСНО СПТС СО ОК

По 01.01.2021 година во РСМ и во ОК при остварување на меѓусебната трговија на двете држави може да се издаваат/изготвуваат докази за преференцијално потекло единствено согласно СПТС

По 01.01.2021 година во ОК/за трговијата остварена со РСМ може да се издаваат/ изготвуваат докази за преференцијално потекло единственосогласно ДПТС со ОК.



Од 01.01.2021 година при прием на увозна царинска декларација во РСМ во која е наведено барање за примена на преференцијален третман и кон декларацијата е поднесен доказ за преференцијално потекло издаден/изготвен во ОК согласно одредбите во СПТС со ОК, царинскиот службеник може да примени преференцијален третман од ОК. [5]

Во СПТС со ОК е пропишан увоз на стока во рамки на квота и истиот увоз ќе биде / дозволен/допуштен по објавување во Службен весник на РСМ од страна на Министерството за економија на листите за увоз на стока со потекло од ОК во рамки на квота.

Увозот на стока со преференцијално потекло од ОК согласно СПТС со ОК, по 01.01.2021 година е со исти преференцијални стапки како и пропишаните преференцијални стапки во ССА.

Печатите за заверка на уверенијата за движење ЕУР.1 што ги користат царинските органи на ОК не се менуваат. Исто така не се менуваат и царинските печати на РСМ.

## 4.3 ПРИМЕНА НА УСЛОВОТ ЗА ДИРЕКТЕН ТРАНСПОРТ ПРЕКУ ОК ПО ЗАВРШУВАЊЕ НА ТРАНЗИЦИОНИОТ ПЕРИОД

По 01.01.2021 година ОК има третман на земја надвор од зоната на примена на преференцијал и одредбите за директен транспорт се применуваат како ОК да е трета земја.



При прием на увозна царинска декларација во РСМ по 01.01.2021 година каде како податок за земја на увоз на стоката е наведен ОК или стоката транзитира преку ОК, а кон декларацијата е поднесен доказ за преференцијално потекло од земја со која Република Северна Македонија има склучено договор за слободна трговија, царинскиот службеник е потребно да ги примени одредбите во делот за Директен транспорт од Упатството за примена на териториjалните услови согласно Спогодбите/договорите за слободна трговија.[6]

# 4.4 ПРИМЕНА НА КУМУЛАЦИЈА СО ОК ПО ЗАВРШУВАЊЕ НА ТРАНЗИЦИОНИОТ ПЕРИОД

Во трговијата меѓу РСМ и ОК од 01.01.2021 година согласно одредбите во СПТС со ОК во моментот може да се применува единствено билатерална кумулација. Правилата за потекло се исти како постоечките правила во Регионалната конвенција за паневромедитерански преференцијални правила за потекло и истите се наведени во СПТС со ОК.

Во трговијата со ЕУ, ЕФТА, ЦЕФТА и Турција по 01.01.2021 година не може да се користи дијагонална кумулација за извоз на стоки во овие земји со користење на материјали со потекло од ОК. Суровините со потекло од ОК и производните процеси во ОК во трговијата со овие земји имаат третман без потекло.

При прием на извозна царинска декларација по 01.01.2021 година каде кон декларацијата е поднесено барање за издавање на доказ за преференцијално потекло или е поднесен изготвен доказ за преференцијално потекло со користење на материјали со потекло од ОК, согласно одредбите во ССА пред 01.01.2021 година, царинскиот службеник не може да го прифати таквото барање, со цел издавање/ изготвување доказ за македонско пеференцијално потекло со користење на дијагонална кумулација со ОК.

[6] *Упатството за примена на територијалните услови согласно Спогодбите/ договорите за слободна трговијасо сите измени и дополнувања како интерен акт е објавено во Депозитарот согласно Процедурата за депозитар на документација на Царинската управа.*



# 4.5 ОДОБРЕНИЕ ЗА ОДОБРЕН ИЗВОЗНИК ВО ТРГОВИЈАТА СОГЛАСНО СПТС СО ОК ПО ЗАВРШУВАЊЕ НА ТРАНЗИЦИОНИОТ ПЕРИОД

При прием на извозна царинска декларација по 01.01.2021 година каде кон декларацијата е поднесен изготвен доказ (изјава во фактура од одобрен извозник) царинскиот службеник е потребно да провери дали одобрението е во согласност со конкретната состојба, доколку се извезува стока во ОК или се извезува во останатите земји со кои РСМ има договори за слободна трговија и се користат суровини од ОК.

Обликот на моделот на одобренија за одобрен извозник издадени во РСМ нема да биде променет, единствено одредени иматели на одобренија ќе биде потребно да извршат измена на самите одобренија (на пример да се додадат одредби дека конкретното одобрение се примнеува за извоз во Ок и се користата одредбите во СПТС со ОК). Царинскиот службеник при прием на извозна царинска декларација по 01.01.2021 година ќе биде потребно да го разгледа секој предмет од аспект на примена на евентуална кумулација со ОК поединечно.

# 4.6 ВЕРИФИКАЦИЈА НА ДОКАЗИТЕ ЗА ПОТЕКЛО

Верификацијата на доказите за потекло издадени согласно СПТС со ОК по 01.01.2021 година се врши со повикување на одредбите во СПТС со ОК, а не со повикување на одредбите во ССА со ЕУ, а постапката се одвива како што е наведено во Упатството за верификација на доказите за потекло.[7]

[7] *Упатството за верификација на доказите за потекло со сите измени и дополнувања како интерен акт е објавено во Депозитарот согласно Процедурата за депозитар на документација на Царинската управа.*